Врз основа на членовите 384, 387 и 388-а од Законот за трговски друштва Одборот на директори на РЖ Економика А.Д.Скопје објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК
## за одржување на Собрание на акционери на РЖ Економика АД-Скопје

Седницата на Собранието ќе се одржи на ден 26.08.2021 година во 12:00 часот во просториите на друштвото на ул. 16-та Македонска бригада бр.18 во Скопје.

Со оглед на прогласената вонредна состојба во Република Северна Македонија, а согласно препораките од Владата на Република Северна Македонија за спречување на ширење на вирусот covid-19 и соопштението на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија од 16.03.2020 година за модификација на учеството на акционерските собранија и избегнувањена физичко присуство, Седницата на годишното собрание на акционери на РЖ Економика А.Д.Скопје закажана на ден 26.08.2021 година ќе се одржи по пат на писмена коресподенција без физичко присуство.

Собранието на седницата ќе работи по следниот

**Дневен ред**

**I. Процедурален дел**

-утврдување на кворум за работа
-избор на Претседавач на Собранието, бројачи на гласови
-записникот ќе го води Нотар

**II. Работен дел**

1. Усвојување на Записникот од седницата на Собранието на акционери одржана на ден 09.07.2021 година.
2. Донесување на Одлука за избор и именување на два члена на Одборот на директори.

Услов за учество во работата на годишното собрание е пријавување на акционерот или овластениот застапник со полномошно.
Материјалите за работа на Седницата и сите дополнителни информации околу гласањето со писмена коресподенција ќе бидат објавени на web страната на РЖ ЕКОНОМИКА АД-Скопје.
www.rzekonomika.com.mk

**Одбор на директори**